СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА, ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

- компаративна студија -

Марија Мицевска Лазарова

Советник – истражувач и аналитичар по современи економски системи

октомври, 2022 година

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ..... 5

I. ВОВЕДУВАЊЕ НЕОЧЕКУВАН ДАНОК (WINDFALL TAX) ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..... 5

II. ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА НА НАЦИОНАЛНО НИВО ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 9

II.1 АВСТРИЈА ..... 9

II. 2 БЕЛГИЈА ..... 12

II.3 ХРВАТСКА ..... 14

II.4 ЧЕШКА РЕПУБЛИКА ..... 15

II. 5 ДАНСКА ..... 16

II.6 ЕСТОНИЈА ..... 17

II.7 ФРАНЦИЈА ..... 18

II.8 ГЕРМАНИЈА ..... 20

II.9 ГРЦИЈА ..... 24

II.10 ЛАТВИЈА ..... 25

II.11 ХОЛАНДИЈА ..... 27

II.12 ПОЛСКА ..... 28

II.13 СЛОВАЧКА ..... 31

II.14 СЛОВЕНИЈА ..... 32

II.15 ШВЕДСКА ..... 35

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 37

**РЕЗИМЕ**

Оваа истражувачка работа има за цел да даде преглед на различните политики креирани во избрани земји членки на ЕУ, на национално ниво, со цел справување со енергетската криза и растечката инфлација, како резултат на војната во Украина и крајните постпандемските ефекти врз економијата. Моменталното зголемување на цените на енергенсите во Европа, ги поттикна владите да преземаат мерки за заштита на населението од директното влијание на растот на цените. Притоа, опфатени се 15 земји членки на ЕУ - Австрија, Кралство Белгија, Република Хрватска, Чешка Република, Данска, Република Естонија, Франција, Сојузна Република Германија, Република Грција, Република Латвија, Кралство Холандија, Република Полска, Словачка Република, Република Словенија и Шведска.

Во истражувачката работа, исто така, во првата глава се дискутира за пакетот итни мерки на Европската комисија, односно воведувањето на неочекуван данок (windfall tax).

Европските министри од областа на енергетиката се согласија на пакет итни мерки со цел справување со енормните цени на енергенсите. Пакетот вклучува таканаречен *windfall tax* (во буквален превод „неочекуван данок“), претставен како „данок на солидарност“ за компаниите за фосилни горива. Целта е поврат на една третина, односно 33% од вишокот профит остварен во 2022 и/или 2023 година. Притоа, за вишок, односно дополнителен профит се смета профит кој го надминува просекот од 20% во последните четири години (2018-2021г.). Ова е договорен праг и земјите членки на ЕУ можат да применат повисоки стапки. Приходите ќе бидат насочени кон потрошувачите и компаниите за да го ублажат влијанието на високите сметки за енергија, како и за инвестиции во зелена енергија.

Земјите членки на ЕУ имаат рок до 31 декември 2022 година да ги имплементираат мерките, доколку немаат веќе воведени еквивалентни мерки. Податоците покажуваат дека неколку европски земји веќе имаат воведено или се во процес на воведување на таканаречениот неочекуван (windfall) данок (Италија, Велика Британија, Грција, Шпанија, Унгарија, Романија, Белгија, Германија и Холандија). Овие податоци се прикажани во Табелата 1. (стр. 7 и 8), со детали за висина на стапката, индустриите на кои се однесуваат, времетраењето, мерките за заштита на потрошувачите, како и намената на оданочените средства.

Во втората глава табеларно за секоја земја се прикажани преземените економски мерки на национално ниво - висината на одвоените финансиски средства, како и периодот на спроведување на мерките, со цел справување со енергетската криза и брзорастечката инфлација и ублажување на предизвиканите ефекти. Извор на податоци за сите држави е истражувањето од страна на независната „Европска и глобална економска лабораторија од Брисел“ (BRUEGEL), како и релевантни закони и подзаконски акти, интернетски страници на државни институции и други истражувања.

Голем дел од државите имаат слични мерки, при што најчесто се среќаваат:

- замрзнување на тарифите за гас и електрична енергија;
- надоместоци на трошоци за електрична енергија;

- надоместоци за трошоци за живот за граѓани во социјален ризик, пензионери, инвалиди, еднородителски семејства;
- намалување на данокот, односно акцизите за гас и електрична енергија;
- намалување на цените во јавниот превоз;
- директни плаќања кон граѓаните (најчесто во висина од 100 евра);
- помош за земјоделци.

Во Данска постои заем за потрошувачи на електрична енергија, односно можност за распределба на плаќањата на сметките за енергија во текот на пет години.

Во Полска во текот на неколку месеци била воведена ДДВ стапка од 0% за основни прехранбени продукти и природен гас.

Во Словенија компаниите и индивидуалните претприемачи имаат право на еднократна субвенција доколку трошоците за енергија им се зголемиле за повеќе од 40% во 2022 година во споредба со 2021 г. Износот на помошта зависи од учеството на трошоците за енергија во оперативните трошоци и од износот на нето приходите од продажба. Збирот на субвенцијата не може да надмине износ поголем од 60% од загубата на корисникот поради зголемувањето на цените на енергијата, како и да не ги надмине максимално предвидените износи.

Се забележува и државна интервенција во компаниите за производство и дистрибуција на електрична енергија (Хрватска, Чешка, Германија, Франција, Словачка).

## ВОВЕД

Предмет на оваа компаративна анализа се преземените економски мерки на национално ниво, во избрани земји членки на Европската унија, со цел справување со енергетската криза и растечката инфлација, како резултат на војната во Украина и крајните постпандемски ефекти врз економијата. Изборот на државите е направен од страна на истражувачот, согласно достапните податоци и притоа се опфатени 15 земји членки на ЕУ - Австрија, Кралство Белгија, Република Хрватска, Чешка Република, Данска, Република Естонија, Франција, Сојузна Република Германија, Република Грција, Република Латвија, Кралство Холандија, Република Полска, Словачка Република, Република Словенија и Шведска.

Во истражувачката работа, исто така, во првата глава се дискутира за пакетот итни мерки на Европската комисија, односно воведувањето на неочекуван данок (windfall tax). Потоа, втората глава е поделена по земји, при што во табеларен преглед се наведени преземените економски мерки на национално ниво, како и висината на финансиските средства за нивно спроведување.

Од примарни извори на податоци користени се релевантни правни акти и официјални интернетски страни на институции, а од секундарни извори на податоци студии и бази на податоци од релевантни организации.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, *согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. ВОВЕДУВАЊЕ НЕОЧЕКУВАН ДАНОК (WINDFALL TAX) ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Низ Европа и низ светот, луѓето се соочуваат со енергетска криза, како и брзорастечка економска инфлација, предизвикани од војната во Украина, но и како резултат на крајните ефекти од пандемијата ковид-19. Во меѓувреме, големите корпорации во повеќе сектори остваруваат екстремно високи профити, па така 1000 од најголемите компании во светот оствариле дополнителни профити во износ од 1.15 трилиони долари во 2020 и 2021 година, споредено со периодот пред пандемијата, односно зголемување од 65,5%.[1]

Европските министри од областа на енергетиката, како одговор на Предлогот на Европската Комисија[2], се согласија на пакет итни мерки со цел справување со енормните цени на енергенсите[3]. Пакетот вклучува:

- „Данок на солидарност“ за компаниите за фосилни горива, за поврат на една третина, односно 33% од вишокот профит остварен во 2022 и/или 2023 година. Притоа, за вишок, односно дополнителен профит се смета профит кој го надминува просекот од 20% во последните четири години (2018-2021 г.). Ова е договорен праг и земјите членки на ЕУ можат да применат повисоки стапки. Приходите ќе бидат насочени кон потрошувачите и компаниите за да го ублажат

[1] Oxfam Media Brief: the case for windfall taxes https://www.oxfam.org/en/research/oxfam-media-brief-case-windfall-taxes (пристапено на 3.10.2022)
[2] Соопштение на Европската комисија од 14 септември 2022 г. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/SPEECH_22_5521 (пристапено на 26.9.2022)
[3]The EU’s Windfall Profits Tax: How “Tax Fairness” Got in the Way of Energy Security https://taxfoundation.org/windfall-profits-tax-eu-energy-security/#:~:text=A%20windfall%20profits%20tax%20is%20a%20one%2Dtime%20surtax%20levied,windfall%20taxes%20on%20individual%20profits. (пристапено на 6.10.2022)

влијанието на високите сметки за енергија, како и за инвестиции во зелена енергија.

- Ограничување на цената на приходите на енергетските компании (освен гас): ограничувањето е во висина од 180 евра за мегават час, а разликата во цената ќе се враќа назад кај потрошувачите и технологиите за декарбонизација, како на пример, обновливата енергија.[4]

Земјите членки на ЕУ имаат рок до 31 декември 2022 година да ги имплементираат мерките, доколку немаат веќе воведени еквивалентни мерки. Податоците покажуваат дека неколку европски земји веќе имаат воведено или се во процес на воведување на таканаречениот неочекуван (windfall) данок.

Во продолжение во Табелата 1. се прикажани податоци за веќе воведените или најавените неочекувани (windfall) даноци – висина на стапката, индустрија на која се однесуваат, времетраење, мерки за заштита на потрошувачите, како и намена на оданочените средства.

[4] EU Energy Windfall Tax: European countries must aim for 50 – 90 percent rate and not let other profiteering industries off the hook https://www.oxfam.org/en/press-releases/eu-energy-windfall-tax-european-countries-must-aim-50-90-percent-rate-and-not-let (пристапено на 3.10.2022)

*Табела 1. Преглед на усвоени или најавени неочекувани (windfall) даноци во Европа*

| | ***Италија*** | ***Велика Британија*** | ***Грција*** | ***Шпанија*** | ***Унгарија*** | ***Романија*** | ***Белгија*** | ***Германија*** | ***Холандија*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Даночна стапка*** | 25% (првично 10%) | 25% | 90% | 4,8% (банки) и 1,2% (енергија) | 8/10% (банки), 25%(нафта), 7% (телеком), 4,1% (малопродажба) | 80% | Не е специфицирано | Не е специфицирано | Не е специфицирано |
| ***Вид на мерка*** | Дополнителното оданочување се применува на порастот на нето-продажбата пријавена за ДДВ цели во периодот 1.10.2021-30.4.2022 година во однос на истиот период од претходната година, под услов ваквото зголемување да биде над 5 милиони евра и повеќе од 10%. | Додаток во прилог на номиналната стапка од 40% што веќе се применува на вкупниот профит. | Оданочување на дополнителните профити од октомври 2021 до март 2022 год. | Банки: данок на нето-каматни приходи и нето-провизии.<br><br>Енергија: давачки за продажба. | Банки: оданочување нето-приходи Нафта: данок на разликата во нивото на цените помеѓу руската сурова нафта и од Северното Море. Телекомуникаци и и малопродажни компании: прогресивен данок врз основа на нето-продажба. Авиокомпании: такса за поаѓање. | Дополнителен данок на какви било дополнителни приходи примени од 1.11.2021 до 31.3.2022 година. | Владата сака да го пренасочи придонесот на добивката од нуклеарни централи на други енергетски сектори. | Ограничување на профитот. | Дополнителен данок, но не се објавени детали. |
| ***Сектор кој се оданочува*** | Енергетски (производители, трговци и увозници) | Нафта и гас | Електрична енергија | Банки и енергетски сектор | Нафта, банкарство, авиокомпании, телекомуникаци и и малопродажба | Производители на електрична енергија (освен производители на гас) | Производители на нуклеарна и други видови енергии | Производители на електрична енергија (освен производители на гас) | Нафта и гас |
| ***Времетраење*** | Еднократно | До 2025 год. | Еднократно | До 2023 год. | До 2023 год. | Еднократно | Не е специфицирано. | Не е специфицирано | Не е специфицирано |
| ***Ретроактивност*** | Да | Делумно (од март 2022 г.) | Да | Не | Делумно (од почеток на 2022г.) | Не | Не е специфицирано. | Не е специфицирано | Не е специфицирано |
| ***Мерки за заштита на потрошувачите*** | Контроли и ревизии за да се избегне зголемување на цените. | Не е специфицирано. | Не е специфицирано. | Контроли и ревизии за да се избегне зголемување на цените. | Не е специфицирано. | Не е специфицирано. | Не е специфицирано. | Не е специфицирано | Не е специфицирано |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Потенцијални приходи*** | 10.49 милијарди евра | 6 милијарди евра | Не е специфицирано. | 7 милијарди евра | 2.06 милијарди евра | Не е специфицирано | 700 милиони евра | Не е специфицирано | 2 милијарди евра |
| ***Намена на приходите*** | Пакет за поддршка на сиромашни семејства и компании | Пакет за поддршка на сиромашни семејства | Пакет за поддршка на сиромашни семејства | Не е специфицирано. | Не е специфицирано. | Пакет за поддршка на сиромашни семејства | Пакет за поддршка на семејства со мали и ниски примања | Пакет за поддршка на сиромашни семејства | Пакет за поддршка на сиромашни семејства и компании |

*Извор: Oxfam Media Brief: the case for windfall taxes*[5]

[5] Oxfam Media Brief: the case for windfall taxes https://oi-files-d8-prod.s3.eu-west-2.amazonaws.com/s3fs-public/2022-09/2022%20-%2009%20-%2008%20Windfall%20Tax%20Briefing.pdf (пристапено на 3.10.2022)

## II. ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА НА НАЦИОНАЛНО НИВО ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во оваа глава табеларно се прикажани преземените економски мерки на национално ниво во избрани земји членки на Европската Унија, висината на одвоените финансиски средства, како и периодот на спроведување на мерките, со цел справување со енергетската криза и брзорастечката инфлација и ублажување на предизвиканите ефекти. Извор на податоци за сите држави е истражувањето од страна на независната „Европска и глобална економска лабораторија од Брисел“ (BRUEGEL)[6], како и релевантни закони и подзаконски акти, интернетски страници на државни институции и други истражувања.

### II.1 АВСТРИЈА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Пакет I: Надоместок на трошоци за електрична енергија | 628 милиони евра | 4/2022-во тек | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет I: Надоместок за трошоци за живот за особено ранливите групи | 227 милиони евра | 2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет I: Укинување на придонесот за финансирање на обновливи извори (паушална стапка) | 900 милиони евра | 1/2022-12/2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет II: Намалување на данокот на природен гас и електрична енергија | 1.1 милијарди евра | 5/2023-6/2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет II: Надомест за патници | 340 милиони евра | 5/2023-6/2023 | Федерално министерство за финансии |
| Пакет II: Намалување на цените во јавниот превоз | 303 милиони евра | 2022-23 | Федерално министерство за финансии на Австрија |

[6] Sgaravatti, G., S. Tagliapietra, G. Zachmann (2022) ‘National policies to shield consumers from rising energy prices’, Bruegel Datasets https://www.bruegel.org/dataset/national-policies-shield-consumers-rising-energy-prices (пристапено на 23.9.2022)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пакет II: Надомест на трошоците за земјоделски дизел | 25 милиони евра | 9/2022-6/2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет II: надомест на трошоци за гориво | Сè уште не е одредено. | | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет II: Поддршка за брза транзиција кон алтернативни форми на погони без јаглерод | 120 милиони евра | 2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет II: инвестиции за енергетска независност | 85 милиони евра | 2022-23 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Други прилагодувања на државно ниво: Средства за непрекинато бесплатно патување за ученици | 61 милиони евра | 2022-23 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Други прилагодувања на државно ниво: Евалуација на договорите за транспортни услуги | 71 милиони евра | 2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Бонус за клима и антиинфлација | 2.8 милијарди евра | октомври 2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Еднократна сума за пензионери | 1 милијарда евра | 2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Еднократна сума за земјоделци и самовработени | 80 милиони евра | 2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пакет III: Плаќање еднократен додаток за семеен оброк | 330 милиони евра | 2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Аванс за семеен бонус и износ на детски кредит | 300 милиони евра | 2022-2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Социјална помош за ранливите групи | 205 милиони евра | 2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Надомест за цената на струјата | 233.3 милиони евра | 2023 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Пакет III: Субвенционирање на енергија | 450 милиони евра | 2022 | Федерално министерство за финансии на Австрија |
| Кредитна линија за Виена Енерџи во сопственост на градот Виена | 2 милијарди евра | 2022 | |

## II. 2 БЕЛГИЈА

| **Преземени мерки** | **Доделени средства (€)** | **Период на спроведување** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Продолжување на социјалната тарифа за енергија | 208 милиони евра | 10/2021-3/2022 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |
| Намалување на сметката за енергија за 80 евра за ранливите граѓани | 72 милиони евра | 10/2021-3/2022 | Исто како претходно |
| Дополнителен фонд за гас и електрична енергија (за лица кои не можат да аплицираат за социјални тарифи). | 16 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Енергетски пакет (намалување на ДДВ на електрична енергија,100 евра бонус за секое домаќинство и дополнителни мерки за луѓе со ниски приходи). | 1.1 милијарди евра | 3/2022-7/2022 | Исто како претходно |
| Продолжување на намалувањето на ДДВ за електрична енергија и социјална тарифа | 1.3 милијарди евра | 3/2022-9/2022 | Исто како претходно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Продолжено намалување на акцизите за електрична енергија и горива и социјална тарифа | 1.4 милијарди евра | 9/2022-1/2023 | Исто како претходно |

## II.3 ХРВАТСКА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Субвенции за гас и струја за домаќинствата | 159 милиони евра | 4/2022-3/2023 | https://vlada.gov.hr/vijesti/predstavljen-paket-mjera-za-ublazavanje-rasta-cijena-energenata-vrijedan-4-8-milijardi-kuna/33907 |
| Поддршка на микро, мали и средни претпријатија | 79.6 милиони евра | 4/2022-3/2023 | Исто како претходно |
| Намалување на ДДВ за гас и топлинска енергија | 278.5 милиони евра | 4/2022-3/2023 | Исто како претходно |
| Социјални придобивки за ранливите енергетски корисници (ваучери + месечен надоместок) | 44.2 милиони евра | 4/2022-3/2023 | Исто како претходно |
| Енергетски додаток за пензионери со ниски примања | 62.4 милиони евра | 4/2022-3/2023 | Исто како претходно |
| Поддршка на секторите земјоделство и аквакултура | 33 милиони евра | 4/2022-3/2023 | Исто како претходно |
| Пакет за поддршка на ХЕП (државна компанија за производство и електродистрибуција). | 797 милиони евра | 2022 | https://vlada.gov.hr/vijesti/vladin-paket-ukljucuje-mjere-pomoci-za-sve-segmente-drustva/36022 |
| Швајцарско-хрватска програма. Втор швајцарски придонес за намалување на економските и социјалните нееднаквости - проектите за социоекономска интеграција, водоснабдување и одводнување итн. | 1.758 милијарди евра | 2022 | Исто како претходно |

## II.4 ЧЕШКА РЕПУБЛИКА

| **Преземени мерки** | **Доделени средства (€)** | **Период на спроведување** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Ослободување од ДДВ за електрична енергија и гас | 65 милиони евра | 11/2021-12/2021 | https://www.mfcr.cz/cs/aktualne/tiskove-zpravy/2021/nulove-dph-na-elektrickou-energii-a-plyn- 43273 |
| Помош за домаќинствата и претприемачите | 120 милиони евра | | https://www.komora.cz/files/uploads/2021/12/Pomoc-domacnostem-a-podnikatelum-zasazenym-rustem-energii.pdf |
| Намалување на сметките за енергија, заедно со директни плаќања за семејства со ниски приходи, пензионери | 1.1 милијарди евра | 10/2022-4/2023 | |
| Поддршка на компаниите за време на грејната сезона - Субвенции за енергетски интензивни бизниси[7] и доплата за обновливи извори на енергија | 1.6 милијарди евра | 10/2022-4/2023 | |
| Спасување на енергетската компанија CEZ | 3 милијарди евра | 2022 | https://www.cez.cz/en/media/press-releases/state-to-temporarily-help-cez-to-finance-electricity-and-gas-trade-before-winter-160730 |

[7] Следниве индустрии се сметаат за енергетски интензивни: храна, целулоза и хартија, основни хемикалии, рафинирање, железо и челик, обоени метали (првенствено алуминиум) и неметални минерали (првенствено цемент).

## II. 5 ДАНСКА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Неоданочени парични чекови за поддршка при зголемените трошоци за греење – прва фаза | 135 милиони евра | 2022 | Министерство за финансии на Данска |
| Укинување на изворите на топлина од фосилни горива | 33.6 милиони евра | 2022 | Министерство за финансии на Данска |
| Неоданочени парични чекови за поддршка при зголемените трошоци за греење – втора фаза | 135 милиони евра | 2022 | Министерство за финансии на Данска |
| Зголемување на надоместокот за вработување | 135 милиони евра | 2022-2023 | Министерство за финансии на Данска |
| Намалување на данокот на електрична енергија | 63.9 милиони евра | 2022-2023 | Министерство за финансии на Данска |
| Парични чекови за пензионери | 150.6 милиони евра | 2022-2023 | Министерство за финансии на Данска |
| Паушални исплати на пензионерите, додаток за инвалидитет и за самохрани родители и зголемени студентски грантови | 69.1 милиони евра | 2022-2023 | Министерство за финансии на Данска |
| Шема за заем на потрошувачи за распределба на плаќањата на сметките за енергија во текот на пет години | 6.05 милијарди евра | 2022 | https://www.altinget.dk/forsyning/artikel/regeringen-vil-ruste-danskerne-til-en-kold-og-dyr-vinter-med-vidtgaaende-forslag |

## II.6 ЕСТОНИЈА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Намалување на надоместокот за електрична мрежа за 50% за сите потрошувачи | 75 милиони евра | 10/2021-3/2022 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |
| Укинување на надоместокот за гасна мрежа за сите потрошувачи | / | 2022 | https://valitsus.ee/en/news/political-statement-prime-minister-kaja-kallas-situation-electricity-market-18-january-2022 |
| Надомест за 380.000 ранливи домаќинства за сметки за струја, гас и парно | 79 милиони евра | 9/2021-3/2022 | Исто како претходно |

## II.7 ФРАНЦИЈА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Замрзнување на тарифите за гас | 6.8-10 милијарди евра | 9.2021-5.2022 | https://www.amo.cz/wp-content/uploads/2022/05/AMO_United_in_diversity.pdf |
| Смрзнување на цените на регулираните тарифи за електрична енергија | 10.5 милијарди евра | 9.2021-2022 | https://www.connaissancedesenergies.org/afp/energie-le-cout-du-bouclier-tarifaire-depuis-son-deploiement-evalue-24-milliards-deuros-par-le-gouvernement-220902?sstc=u3002nl132780 |
| Парични чекови против инфлација (поделени по 100 евра на 38 милиони луѓе) | 4 милијарди евра | 10.2022 | https://www.amo.cz/wp-content/uploads/2022/05/AMO_United_in_diversity.pdf |
| Попуст за гориво од 18 центи/литар, и зголемување на попустот на 30 центи/литар | 7.5 милијарди евра | 3.2022-8.2022 | https://www.connaissancedesenergies.org/afp/energie-le-cout-du-bouclier-tarifaire-depuis-son-deploiement-evalue-24-milliards-deuros-par-le-gouvernement-220902?sstc=u3002nl132780 |
| Поддршка на бизнисите | 4 милијарди евра | 2022 | https://www.amo.cz/wp-content/uploads/2022/05/AMO_United_in_diversity.pdf |
| Национализирање на EDF (Electricité de France) | 9.7 милијарди евра | 2023 | https://www.euractiv.com/section/energy/news/french-government-launches-public-takeover-bid-to-fully-control-edf/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Смрзнување на цените на гасот и струјата, општи субвенции и субвенција на бензин од 30 центи/литар | 20 милијарди евра | 2022 | https://www.gouverne ment.fr/les-priorites/pouvoir-d-achat#fr-sidemenu link-bd033aa9-c2b1-4c1c-bf03-116fcded4ffc |
| Субвенции за сметките за енергија | 1.8 милијарди евра | 2023 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |
| Ограничување на цената на гасот | 11 милијарди евра | 2023 | Исто како претходно |
| Ограничување на цената на електричната енергија | 5 милијарди евра | 2023 | Исто како претходно |

## II.8 ГЕРМАНИЈА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Пакет за олеснување I: Укинување на таксата за финансирање обновливи извори на енергија (EEG), започнувајќи од 1 јули 2022 г. | 6.6 милијарди евра | 7/2022-во тек | https://www.bundesregierung.de/breg-en/news/renewable-energy-sources-act-levy-abolished-2011854#:~:text=Renewables%20levy%20abolished-,Relief%20for%20electricity%20consumers,in%20full%20to%20end%20consumers. |
| Пакет за олеснување I: Грант поврзан со пандемијата за луѓето на кои им е потребна помош | 0.5 милијарди евра | 2/2022-2023 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Пакет за олеснување I: Непосреден додаток за деца кои живеат во сиромаштија | 1.2 милијарди евра | 2/2022-2023 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Пакет за олеснување I: Субвенција за греење за домаќинствата и поединците со ниски примања | 0.4 милијарди евра | 2/2022-2023 | https://www.bmi.bund.de/SharedDocs/gesetzgebungsverfahren/DE/Downloads/sonstigedownloads/formulierungshilfe-heizkostenzuschussgesetz.pdf;jsessionid=A050110CE7FBB4F02345F24448682ABC.1_cid295?__blob=publicationFile&v=2 |
| Закон за даночни ослободувања: Зголемување на висината на даночното ослободување за данок на доход за вработени | 3 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за даночно олеснување: Зголемување на основниот персонален додаток | 5.8 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Закон за даночни олеснувања: Зголемување на даночните надоместоци за патници на долги релации | 0.3 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Еднократен надоместок за цената на енергијата | 10.4 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Еднократен бонус - детски додаток | 2.1 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Еднократна исплата за примателите на социјални трансфери | 0.5 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Намалување на тарифата на гориво за период од три месеци | 3.2 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Привремена намалена цена на билетите за јавен превоз | 2.5 милијарди евра | 3/2022-23 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Дополнителни мерки врз основа на вториот владин Нацрт на федералниот буџет и ребалансот на Буџетот за 2022 година: грантови за енергетски интензивни компании | 5 милијарди евра | 2022 | Сојузно министерство за финансии на Германија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дополнителни мерки врз основа на вториот владин Нацрт на федералниот буџет и ребалансот на Буџетот за 2022 година: Трошоци поврзани со создавање резерви на гас | 2.5 милијарди евра | 2022 | Сојузно министерство за финансии на Германија |
| Спасувачки пакет за комуналното претпријатие UNIPER | 17 милијарди евра | 2022/2023 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |
| Пакет за олеснување на инфлацијата: Паушална исплата на студенти и пензионери, субвенции за електрични мрежи, продолжување со субвенционирање на билетите за јавен превоз | 32.5 милијарди евра | 2022 | Исто како претходно |
| Пакет за олеснување на инфлацијата: Исплата на субвенции за кирија, зголемување на социјалната помош, зголемување на детскиот додаток и ценовни ограничувања на електричната енергија | 32.5 милијарди евра | 2023 | Исто како претходно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Гаранции за заеми за енергетските компании кои се борат со високите цени на гасот | 67 милијарди евра | 2022 | Исто како претходно |

## II.9 ГРЦИЈА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Субвенции за сметките за струја Еднократен додаток за таксисти, пензионери со ниски примања, инвалиди и неосигурени стари лица Поддршка на земјоделците и сточарите | 1.1 милијарди евра | 3/2022-6/2022 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |
| Субвенции за сметки за електрична енергија | 2.5 милијарди евра | 9/2021-1/2022 | Исто како претходно |
| Пакет-мерки за помош на домаќинства од ранливи категории | 3.2 милијарди евра | 5/2022- во тек | Исто како претходно |

.

## II.10 ЛАТВИЈА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Краткорочни заеми од државниот буџет за мали државни компании за набавка на гориво со 100% гаранција за заем | / | 2022 | https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_22_4614 |
| Закон за мерки за намалување на вонредното зголемување на цените на енергенсите – субвенции за граѓаните и бизнисите | 422.2 милиони евра | 1/2022-4/2022 | https://www.em.gov.lv/lv/jaunums/valdiba-apstiprina-papildu-atbalsta-pasakumus-energoresursu-cenu-pieauguma-kompensesanai-majsaimniecibam-un-uznemejiem |
| Намалување на надоместокот за одржување на електроенергетскиот систем | 141.4 милиони евра | 1/2022-4/2022 | Исто како претходно |
| Намалување на надоместокот за потрошен природен гас | 27.4 милиони евра | 1/2022-4/2022 | Исто како претходно |
| Намалување на таксата за услуги за централно греење | 7 милиони евра | 1/2022-4/2022 | Исто како претходно |
| Обезбедени субвенции за ранливите потрошувачи во вид на месечен надоместок (семејства со деца, лица со попреченост, пензионери) | 124 милиони евра | 1/2022-4/2022 | Исто како претходно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поддршка за локалните самоуправи за да се обезбеди исплата на надоместокот за домување | 23.6 милиони евра | 1/2022-12/2022 | Исто како претходно |
| Поддршка за енергетски интензивни компании | 7 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Шема за поддршка за инвалидни лица | 29.5 милиони евра | 11/2021-12/2022 | Исто како претходно |
| Надомест за трошоците за сервисирање на системот за електрична енергија | 123 милиони евра | 10/2022 - 04/2023 | |
| Надомест за домаќинствата за екстремниот пораст на цените на енергијата | 442 милиони евра | 10/2022 - 04/2023 | https://likumi.lv/ta/id/329532-energoresursu-cenu-arkarteja-pieauguma-samazinajuma-pasakumu-likums |

## II.11 ХОЛАНДИЈА

| **Преземени мерки** | **Доделени средства (€)** | **Период на спроведување** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Еднократен енергетски додаток за луѓе со ниски приходи | / | 2022 | Package of measures to cushion the impact of rising energy prices and inflation \| News item \| Government.nl |
| Намалување на ДДВ за енергија од 21% на 9% | / | 2022 | https://www.government.nl/latest/news/2022/03/21/measures-to-cushion-impact-of-rising-energy-prices-and-inflation |
| Намалување на акцизата за бензин и дизел за 21% | / | 2022 | Исто како претходно |
| Дополнителни мерки за заштеда на енергија за домаќинствата со ниски приходи | 150 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Ублажување на влијанието на високите цени на енергијата врз карипскиот дел на Холандија | 5 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Вкупна вредност на пакетот за помош | 2.8 милијарди евра | | Исто како претходно |
| Надомест на домаќинствата за високите цени на енергенсите | 2.7 милијарди евра | 2021-22 | National policies to shield consumers from rising energy prices \| Bruegel |
| Надомест на компаниите за високите цени на енергенсите | 0.5 милијарди евра | 2021-22 | Исто како претходно |
| Поддршка на ранливите домаќинства | 150 милиони евра | 2021-22 | Исто како претходно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Најава на Буџетот за 2023 година: ограничувања на цените на струјата и гасот, неочекуваниот енергетски додаток и зголемена минимална плата за 10% | 17.2 милијарди евра | 2023 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |

**II.12 ПОЛСКА**

| **Преземени мерки** | **Доделени средства (€)** | **Период на спроведување** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Енергетски додаток за ранливите домаќинства | 327 милиони евра | 10/2021-04/2022 | Minister klimatu i środowiska Michał Kurtyka skierował do prac rządu projekt ustawy wprowadzający dodatki dla odbiorcy wrażliwego - Ministerstwo Klimatu i Środowiska - Portal Gov.pl (www.gov.pl) |
| Поддршка за ранливите категории корисници на енергија | 327 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Одбитоци и фискални предности за ранливите потрошувачи | 436 милиони евра | 2022 | Rozpočty zemí EU zatěžuje pomoc zranitelným s růstem cen energií \| E15.cz |
| Финансиска помош за јавните институции погодени од поскапувањето на гасот | / | 2022 | Energy crisis: Poland to introduce new financial aid for public institutions \| Euronews |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Штит против инфлација 1.0 (значително намалување на даноците за гориво, гас и електрична енергија) | 2.13 милијарди евра | 12/2021-3/2022 | Poland introduces anti-inflation shield \| Visegrád Post (visegradpost.com) |
| Штит против инфлација 2.0 (намалување на стапката на ДДВ за гориво на 8%. 0% ДДВ за основни прехранбени продукти и природен гас. Продолжување на ДДВ-стапката од 5% за електрична енергија | 872 милиони евра | 2/2022-7/2022 | Tarcza Antyinflacyjna 2.0 – zdecydowane działania rządu przeciw skutkom inflacji - Podlaski Urząd Wojewódzki w Białymstoku - Portal Gov.pl (www.gov.pl) |
| „Антипутин“ штит (откажување од користење руска нафта, природен гас и јаглен) | 3.27 милијарди евра | 3/2022- во тек | Premier: rozszerzamy Tarczę Antyputinowską o pakiet wsparcia dla kredytobiorców - Kancelaria Prezesa Rady Ministrów - Portal Gov.pl (www.gov.pl) |
| Продолжување на програмата MyHEAT: субвенции за купување и инсталирање топлински пумпи во нови домови со повисок енергетски стандард | 131 милиони евра | 2022 | Министерство за финансии на Полска |
| Намалување на акцизата за екстра лесно гориво | 118 милиони евра | 06/2022-07/2022 | Министерство за финансии на Полска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократни трансфери во висина од 636 евра за домаќинства | / | Зима 2022/2023 | |

## II.13 СЛОВАЧКА

| Преземени мерки | Доделени средства (€) | Период на спроведување | Извор |
|---|---|---|---|
| Субвенции за операторот за пренос на електрична енергија (Измена на Законот бр. 309/2009) | 40 милиони евра | 2022 | https://www.urso.gov.s k/urso-vyrazne-znizil- tps-a-zredukoval-naklady-na-distribuciu- a-prenos-elektriny-cim- v-maximalnej-miere- vyuzil-svoje-regulacne- nastroje-aby-zmiernil- narast-celkovej-ceny-elektriny-pre-slovenske-domacnosti-a-podnikatelov-v-roku-2022/ |
| Намалена такса за дистрибуција на електрична енергија | 97 милиони евра | | |
| Продажба на електрична енергија на избрани групи ранливи потрошувачи по фиксна цена (просечна заштеда по домаќинство: 500 евра) | 850 милиони евра (1 милијарда заедно со ДДВ) | 2023-2024 | https://world-nuclear-news.org/Articles/Slovak-agreement-reached-on-measures-to-limit-ener |
| Антиинфлациски пакет | 1 милијарда евра | 2022-2023 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |

## II.14 СЛОВЕНИЈА

| **Преземени мерки** | **Доделени средства (€)** | **Период на спроведување** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Акцизите привремено се намалуваат на минимумот во ЕУ за бензин 359 евра за 1000 литри, дизел нафта 330 евра за 1000 литри | 36 милиони евра | 2/2022-7/2022 | http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=URED7399 |
| Привремено намалување на акцизите за 50%. Бензин што се користи за греење 78,75 евра по 1.000 литри; природен гас за греење 0,855 евра за 1 MWh; струја за неделовна употреба е 1.525 евра за 1MWh; електричната енергија за деловна употреба е 0,9 евра за 1 MWh во случај кога потрошувачката е над 10.000 MWh/годишно. | 18 милиони евра | 2/2022-7/2022 | Исто како претходно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Привремено регулирани цени на бензините и на дизелот. Максимално дозволените малопродажни цени се утврдени на 1,560 евра за литар бензин и 1,668 евра за литар дизел. | 90 милиони евра | 5/2022-8/2022 | http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=URED8565 |
| Регулирани цени на бензинот што се користи за греење. Маржата за продажба на бензин што се користи за греење е 0,06 евра за литар. | / | 1/2022-5/2022 | http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=URED8558 |
| Со цел да се подобри социјалната сигурност на ранливите групи (на пр. пензионери, приматели на социјална помош), исплатен е еднократен солидарен додаток од 150 евра. | 106 милиони евра | 3/2022- во тек | http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO8534 |
| Ослободување од плаќање на мрежни такси за електрична енергија и гас за три месеци | Необјавена сума | 03/2022-04/2022 | Исто како претходно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Компаниите и индивидуалните претприемачи имаат право на еднократна субвенција доколку трошоците за енергија им се зголемиле за повеќе од 40% во 2022 година во споредба со 2021 г. Износот на помошта зависи од учеството на трошоците за енергија во оперативните трошоци и од износот на нето-приходите од продажба. Збирот на субвенцијата не може да надмине износ поголем од 60% од загубата на корисникот поради зголемувањето на цените на енергијата, како и да не ги надмине максимално предвидените износи. | 95 милиони евра | 3/2022- во тек | http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO8541 |
| Директни олеснувања за најсиромашните домаќинства | 41 милиони евра | 2022 | https://home.kpmg/us/en/home/insights/2022/09/tnf-slovenia-reduced-vat-rate-on-energy-effective-1-september-2022.html#:~:text=Slovenia%3A%20Reduced%20VAT%20rate%20on%20energy%20effective%201%20September%202022&text=The%20Slovene%20parliament%20passed%20legislation,2022%20to%2031%20May%202023. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Субвенции за бизниси | 40 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |

**II.15 ШВЕДСКА**

| **Преземени мерки** | **Доделени средства (€)** | **Период на спроведување** | **Извор** |
|---|---|---|---|
| Субвенции за надомест на сметките за електрична енергија | 590 милиони евра | 12/2021-2/2022 | https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf |
| Кредитни гаранции за шведските комунални претпријатија | До 23.4 милијарди евра | 2022 | Исто како претходно |
| Намалување на оданочувањето на дизелот и бензинот | 353 милиони евра | 6/2022-10/2022 | https://www.government.se/press-releases/2022/03/government-presents-package-of-measures-to-address-rising-fuel-and-electricity-prices-as-a-result-of-the-invasion-of-ukraine/ |
| Воведена компензациона исплата за трошоци за гориво за граѓани | 382 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Климатски бонус за електрични автомобили | 373 милиони евра | 2022 | Исто како претходно |
| Компензационо плаќање за трошоците за електрична енергија за домаќинствата на Југот и Центарот на Шведска | 86 милиони евра | 3/2022-4/2022 | Исто како претходно |
| Станбен додаток за заштита на сиромашните семејства од поскапувањето на енергенсите | 48 милиони евра | 07/2022-12/2022 | Исто како претходно |

Изработила: Марија Мицевска Лазарова
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Sgaravatti, G., S. Tagliapietra, G. Zachmann (2022) ‘National policies to shield consumers from rising energy prices’, Bruegel Datasets, available at https://www.bruegel.org/dataset/national-policies-shield-consumers-rising-energy-prices
2. Bruegel Methodological Note https://www.bruegel.org/sites/default/files/2022-09/Methodology%20for%20Figure%201_0.pdf
3. https://www.imf.org/en/Publications/WP/Issues/2022/09/16/Excess-Profit-Taxes-Historical-Perspective-and-Contemporary-Relevance-523550
4. Oxfam Media Brief: the case for windfall taxes, Publication date: 9 September 2022 https://www.oxfam.org/en/research/oxfam-media-brief-case-windfall-taxes
5. The EU’s Windfall Profits Tax: How “Tax Fairness” Got in the Way of Energy Security, 3.10.2022 https://taxfoundation.org/windfall-profits-tax-eu-energy-security/#:~:text=A%20windfall%20profits%20tax%20is%20a%20one%2Dtime%20surtax%20levied,windfall%20taxes%20on%20individual%20profits
6. EU Energy Windfall Tax: European countries must aim for 50 – 90 percent rate and not let other profiteering industries off the hook Published: 30th September 2022 https://www.oxfam.org/en/press-releases/eu-energy-windfall-tax-european-countries-must-aim-50-90-percent-rate-and-not-let
7. Влада на Република Хрватска, известување Vlada Republike Hrvatske - Predstavljen paket mjera za ublažavanje rasta cijena energenata vrijedan 4,8 milijardi kuna (gov.hr)
8. Влада на Република Хрватска, известување Vlada Republike Hrvatske - Vladin paket uključuje mjere pomoći za sve segmente društva (gov.hr)
9. Government offices of Sweden - Government presents package of measures to address rising fuel and electricity prices as a result of the invasion of Ukraine https://www.government.se/press-releases/2022/03/government-presents-package-of-measures-to-address-rising-fuel-and-electricity-prices-as-a-result-of-the-invasion-of-ukraine/
10. Slovenia: Reduced VAT rate on energy effective 1 September 2022 https://home.kpmg/us/en/home/insights/2022/09/tnf-slovenia-reduced-vat-rate-on-energy-effective-1-september-2022.html#:~:text=Slovenia%3A%20Reduced%20VAT%20rate%20on%20energy%20effective%201%20September%202022&text=The%20Slovene%20parliament%20passed%20legislation,2022%20to%2031%20May%202023
11. Словенија - Закон за мерки за ублажување на ефектите од поскапувањето на енергенсите во стопанството и земјоделството http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO8541
12. Словенија - Закон за итни мерки за ублажување на влијанието од високите цени на енергијата http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO8534
13. Словенија – Уредба за формирање на цените на нафтените деривати http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=URED8558
14. Словенија – Уредба за одредување на цените на одредени нафтени деривати http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=URED8565
15. Словенија – Уредба за одредување на висината на акцизата на енергетските производи http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=URED7399
16. Словачка - The ODR significantly reduced the TPS and reduced the cost of electricity distribution and transmission, thereby making maximum use of its regulatory tools to mitigate the increase in the total electricity price for Slovak households and entrepreneurs in 2022 | Regulatory Authority for Network Industries (gov.sk)

17. Официјална интернетска страница на Владата на Полска, известување https://www.gov.pl/web/premier/premier-rozszerzamy-tarcze-antyputinowska-o-pakiet-wsparcia-dla-kredytobiorcow
18. Официјална интернетска страница на Владата на Полска, известување https://www.gov.pl/web/uw-podlaski/tarcza-antyinflacyjna-20--zdecydowane-dzialania-rzadu-przeciw-skutkom-inflacji
19. Официјална интернетска страница на Владата на Полска, известување https://www.gov.pl/web/klimat/minister-klimatu-i-srodowiska-michal-kurtyka-skierowal-do-prac-rzadu-projekt-ustawy-wprowadzajacy-dodatki-dla-odbiorcy-wrazliwego?fbclid=IwAR3pqM5C2Bl1jvwo3B4XEPfl7eYVl5upbn_HQnxEeGyVNN16PTdxmYrwQHI
20. Влада на Холандија - Пакет мерки за ублажување на влијанието на растот на цените на енергијата и инфлацијата Package of measures to cushion the impact of rising energy prices and inflation | News item | Government.nl
21. Латвија - Закон за мерки за намалување на вонредното поскапување на енергенсите/ Law on Measures to Reduce Extraordinary Increase in Energy Prices Law on Measures to Reduce Extraordinary Increase in Energy Prices (likumi.lv)
22. Министерство за економија на Латвија, известување Valdība apstiprina papildu atbalsta pasākumus energoresursu cenu pieauguma kompensēšanai mājsaimniecībām un uzņēmējiem | Ekonomikas ministrija
23. Официјална интернетска страница на Европската комисија (State aid: Commission approves €181.5 million Latvian schemes to support companies in context of Russia's invasion of Ukraine) State aid: Commission approves €181.5 million Latvian scheme (europa.eu)
24. Сојузна влада на Германија, известување Elimination of EEG levy relieves electricity consumers | Federal Government (bundesregierung.de)
25. Влада на Франција, известување Protéger le pouvoir d'achat des Français (gouvernement.fr)
26. Association for International Affairs (AMO) , United in diversity - National responses to the European energy crisis https://www.amo.cz/wp-content/uploads/2022/05/AMO_United_in_diversity.pdf
27. Connaissance des Énergies https://www.connaissancedesenergies.org/afp/energie-le-cout-du-bouclier-tarifaire-depuis-son-deploiement-evalue-24-milliards-deuros-par-le-gouvernement-220902?sstc=u3002nl132780
28. Влада на Естонија - Political statement by Prime Minister Kaja Kallas on the situation of the electricity market, 18 January 2022 | Eesti Vabariigi Valitsus
29. Чешка Република State to temporarily help ČEZ to finance electricity and gas trade before winter | CEZ Group
30. Стопанска комора на Чешката Република, документ https://www.komora.cz/files/uploads/2021/12/Pomoc-domacnostem-a-podnikatelum-zasazenym-rustem-energii.pdf
31. Министерство за финансии на Чешката Република, известување Nulové DPH na elektrickou energii a plyn | 2021 | Ministerstvo financí ČR (mfcr.cz)


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој
ги користи
услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од
корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому
му се поднесува
барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот,
истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот
при добивањето на барањето и во текот на изработката на
истражувачката работа)
Какви услуги
и препорачан
минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат
истражувачките
работи?
истражувачките работи се од информативна
природа, политички неутрални и објективни, се
фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту
сугерираат решенија
Што
не може да
биде
побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во
Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384